Врз основа на член 20 од Статутот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, член 14 од Деловникот за работа на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Управниот одбор на Друштвото на состанокот одржан на 16.04.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на Годишен план за спречување на корупција во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје**

1. Се донесува Годишниот план за спречување на корупција во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, доставен со допис бр.02-1480/1 од 09.04.2021 година, изготвен од Комисијата формирана со Решение бр.03-1347/1 од 01.04.2021 година, со следните измени и дополнувања:

- во Глава III со наслов: Годишен план за активности за 2021 година, во Цел 2: Формирање на поефикасен систем во борба против корупцијата, во втората колона од табелата „Очекувани резултати", реченицата: „Лицата во Комисијата да бидат правници со положен правосуден испит и работно искуство од областа за што се назначени", се заменува со следната реченица:

„Комисијата за борба против корупцијата на АД ЕСМ – Скопје да биде составена од 5 членови, од кои тројца членови да бидат правници со положен правосуден испит (од кои едниот е назначеното лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција) ".

2. Годишниот план за спречување на корупција во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје е составен дел на оваа Одлука.

3. Се задолжува Секторот за правни и општи работи, да изготви пречистен текст на Годишниот план за спречување на корупција во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

4. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Друштвото.

**УО бр.02-1570/196/6**
**16.04.2021 година**
**Скопје**

**Претседател,**
**м-р Васко Ковачевски**

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА
ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ
-УПРАВЕН ОДБОР-

# ГОДИШЕН ПЛАН

**за спречување на корупцијата во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост- Скопје**

Скопје, април 2021

**АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА**
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

Врз основа на член 20 од Статутот на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје, а во врска со Заклучоците на Владата на Северна Македонија број 40-2929/1 од 02.03.2021 година, Управниот одбор на АД ЕСМ-Скопје, на седницата одржана на 16.04.2021 година го донесе следниот:

# ГОДИШЕН ПЛАН
## за спречување на корупцијата во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост- Скопје

## I.ВОВЕД

Корупцијата како повеќе димензионален феномен претставува злоупотреба на моќта за да се добие материјална корист, како резултат пред сè на: нецелосно законодавство, неефикасност на судовите, морална криза; брзо лично збогатување и мала плата.

Корупцијата негативно влијае на компаниите, ги зголемува трошоците, а во исто време ги намалува профитите, што доведува до пад на профитот, кој од своја страна ја намалува мотивацијата на вработените.

Корупцијата[1] претставува штетна државна појава која ги нарушува темелните вредности.

Заради штетноста на појавата и присутноста од корупција изготвена е и донесена Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година од страна на Државната комисија за спречување на корупција.

Степенот на успех во спречувањето и борбата против корупцијата во голема мера зависи од разбирањето на јавноста за концептот на корупција и од

---

[1] Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Сл. весник на РСМ", број 12/19), под корупција се подразбира:

- Злоупотреба на функцијата, службена должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за трето лице.
- Пасивна корупција е намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.
- Активна корупција е намерно делување на било кое лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

подготвеноста на јавноста и останатите чинители да учествува во активности поврзани со спречување и борба против корупцијата.

Борбата против корупцијата е заедничка, и затоа од исклучителна важност е, во процесот против корупцијата, да се вклучат и придонесат сите чинители, кои со своето превентивно влијание ќе дадат придонес во борбата и нетолерантноста со елиминирање на причините за настанокот на корупцијата.

За успешно работење и функционирање на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, во државна сопственост - Скопје (во натамошниот текст АД ЕСМ - Скопје), а во согласност со начелата на добро управување и одговорност, доследност и неселективност во спроведување на антикорупциските закони, прилагодување спрема регулативите на ЕУ, приоритет и покрај досегашните активности на АД ЕСМ-Скопје во борба со корупцијата, со Годишниот план и неговата реализација, е да се воспостави систем кој ќе даде дополнителен придонес во зајакнување на интегритетот и транспарентоста во неселективната борба со корупцијата на сите нивоа од работењето на АД ЕСМ-Скопје.

## II.ЦЕЛИ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Годишниот план за спречување на корупцијата во АД ЕСМ-Скопје пред сè има за цел да се воспостави сигурен систем кој би овозможил зајакнување на службите во Друштвото како би се спротивставиле на корупцијата и судирот на интереси со:

1) создавање на предуслови за спречување на корупцијата на сите нивоа;
2) зајакнување на превенцијата, идентификување-препознавање на корупцијата и намалување на ризикот од корупција;
3) воспоставување механизми што ќе ги спречат и отстранат околностите за појава на корупција, неетички и непрофесионални практики;
4) зајакнување на личната одговорност;
5) зголемување на транспарентноста во работата;
6) унапредување и зајакнување на деловната етика;
7) воспоставување ефикасен систем на внатрешна контрола;
8) зајакнување на довербата на јавноста во Друштвото;
9) спречување и елиминирање на судир на интереси.

Еден од основните услови во бробата против корупцијата е:

- Воспоставување систем за пријавување на неправилности;
- Назначување на лице за пријавување на неправилности;
- Отворање на адреса за е-пошта преку која може да се пријават откриени неправилности и сомневања за измама.

ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

Во своето досегашно работење АД ЕСМ - Скопје има преземено активности во борбата против корупцијата. Врз основа на член 4 од Законот за заштита на укажувачи („Сл. весник на РСМ", број 196/15, 35/18 и 257/20) изработен е Правилник за заштитено внатрешно пријавување, бр. УО 02-4772/28/7 од 28.07.2016 година, кој е објавен на веб страната на АД ЕСМ-Скопје. На веб страната на АД ЕСМ-Скопје, исто така е назначено овластеното лице за прием на пријави од укажувачи со даден телефонски број и електронска пошта.

## III. ГОДИШЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ЗА 2021 ГОДИНА

Годишниот план опфаќа една календарска година и е поделен во четри квартали (тримесечја) и со истиот се предвидува да се реализираат следниве цели:

**Цел 1:**
**Да се назначи лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција**

| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Индикатор на резултатот** | **Напомени** (Временски рок/ одговорно лице) |
|---|---|---|---|
| Согласно член 50, став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Сл. весник на РСМ" број 90/2009... ... 82/2013) да се назначи лице (правник со положен правосуден испит) кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција | Да се постапи согласно член 50, став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Сл. весник на РСМ", број 90/2009... ... 82/2013). | Јакнење на системот во борбата против корупцијата и судирот на интереси во АД ЕСМ-Скопје. | Втор квартал (IV-VI) 2021 година (најбрз можен рок)<br><br>Управен одбор |
| | | | |

**Цел 2:**
**Формирање на поефикасен систем во борба против корупцијата**
(формирање на Комисија во АД ЕСМ-Скопје во која ќе учествува и назначеното лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција )

| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Индикатор на разултатот** | **Напомени** (Временски рок-носител/одговорно лице) |
|---|---|---|---|
| Преземање на активности за формирање на Комисија во АД ЕСМ-Скопје како ефикасен систем за спречување на корупцијата од<br>• незаконско однесување,<br>• склоност кон непотизам,<br>• уцена и проневера,<br>• злоупотреба на јавна функција за лични цели,<br>• активност спротивна на моралните норми,<br>• збогатување без законска основа,<br>• губење на доверба во државата и општеството. | Воспоставување на поефективен систем во борбата против неправилности, измами и корупција во процесот на работење на АД ЕСМ-Скопје. | Зголемен процент на доставени пријави од вработени, други физички и правни лица кои можат да достават известување за утврдените неправилности , сомнежи за измама или корупција. | Втор квартал (IV-VI) 2021 година<br><br>Управен одбор |
| Давање мислење за потребен број на лица во Комисијата, при тоа водејќи сметка за потребната стручна подготовка и застапеност од Подружниците | Комисијата за борба против корупцијата на АД ЕСМ – Скопје да биде составена од 5 членови, од кои тројца членови да бидат правници со положен правосуден испит (од кои едниот е назначеното лице кое | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција). | | |

| Цел 3: Создавање на предуслови за поефикасна борба против корупцијата и судирот на интереси во АД ЕСМ-Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Индикатор на резултатот** | **Напомени** (Временски рок/ одговорно лице) |
| Идентификација и анализа на ризикот по работни места и работни процеси изложени на генерирање на висок ризик од корупција и судир на интереси по подружници во АД ЕСМ-Скопје. | Утврдени работни места и работни процеси најмногу изложени на корупција и судир на интереси | Регистар на ризици за работните места и работни процеси изложени на корупција и судир на интереси по подружници | Континуирано<br><br>Комисија за борба против корупцијата |
| Увид во изготвените акти на АД ЕСМ-Скопје кои се однесуваат на постапките за јавни набавки, управувањето со човечките ресурси (вработувањето), етичко и професионално однесување на вработените и надлежности кои имаат финансиска импликација (донации, спонзорства, подароци)<br><br>Воспоставување на сигурна комуникација и надградба на веб страната на АД ЕСМ-Скопје со цел да се запознаат вработените за начинот на функционирањето на Комисијата | Комисијата да изготви, дополни или даги ажурира интерните акти насочени за дејствување во борбата со корупција и судир на интереси и истите да ги објави на веб страната на АД ЕСМ-Скопје | Зголемена транспарентност и поголем процент на вработени кои би се одважиле да достават пријава за утврдените неправилности , сомнежи за измама или корупција. | Континуирано<br><br>Комисија за борба против корупцијата |
| | | | |

| Цел 4: Изготвување на годишен план за борба против корупцијата и судирот на интереси во АД ЕСМ-Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Индикатор на разултатот** | **Напомени** (Временски рок/ одговорно лице) |
| Комисијата да изготви годишен план за борба против корупцијата за 2022 година. | Годишен план за борба против корупцијата. | Обезбедување на рамка за работа на Комисијата во борба против корупцијата | Четврт - квартал (X-XII) 2021 година<br>Комисија за борба против корупцијата |
| | | | |

Годишниот план за борба против корупцијата и судир на интереси треба да обезбеди добра основа, односно функционален систем со утврдени интерни

акти, насоки и упатства на постапување во борбата против корупцијата, измамите и судирот на интересите.

Но, за таа борба да биде целосна, неопходно е да се вклучат сите чинители во АД ЕСМ-Скопје со цел значително да се подигне свеста на вработените и раководството за штетата од корупцијата, причините и последиците како и начин за нејзино намалување, а со тоа зајакнување на довербата помеѓу вработените и поголем авторитет на АД ЕСМ-Скопје.

## IV.СТРАТЕШКИ АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО АД ЕСМ - Скопје

За остварување на поставените цели за 2021 година, Друштвото со своето однесување во процесот на работењето треба да ги почитува основните начела во борбата против корупцијата, и тоа:

1. **СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА НА СИТЕ НИВОА НА ДРУШТВОТО**. Потребно е да се дефинираат специфичните подрачја на работење каде е можна појава од корупција за да се утврдат соодветни мерки за спречување на истата.
2. **СОЗДАВАЊЕ НА ПРЕДУСЛОВИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ**. Судирот на интереси е судир помеѓу јавни и приватни интереси, и е директно поврзан со концептот на корупција и е во спротивност со поимот добро управување. Затоа е неопходно:
    - Подигање на нивото на свеста на вработените во Друштвото за штетата што ја носи корупцијата со обука на вработените за начинот на постапување и укажување на корупцијата;
    - Јакнење на индивидуалниот интегритет на вработените, што подразбира воспоставување на личен однос на вработените кон прашањата за корупцијата и судирот на интереси со цел да се изгради систем на работење на транспаретност, отчетност, професионалност во извршување на надлежностите утврдени со законите и актите на Друштвото;
    - Отстранување на ризикот од корупција во општите нормативни акти на Друштвото и преземање на активности за нивно усогласување со меѓународни стандарди од областа на антикорупција.
3. **СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРУШТВОТО.** Освен поттребата за континуирано стручно усовршување на вработените, за сите структури на вработени, потребно е усовршување поврзано за работната етика и превенција од корупција.
4. **ОДГОВОРНОСТ НА НАЈВИСОКОТО РАКОВОДСТВО ВО ДРУШТВОТО.** Највисокото раководство на Друштвото чија е одговорноста за успешното спречување на корупцијата и судрот на интереси треба да обезбеди во сите нивни организациони единици (Подружници) се работи во согласност со законите, подзаконските прописи, општите акти на Друштвото, согласно работната етика

на Друштвото со цел спречување и отстранување на грешките и недостатоците во работењето.

5. **КОМУНИКАЦИЈА И ПРАВО НА ПРИСТАП НА ИНФОРМАЦИИ**. Објавувањето на информациите и пристап на информациите за работењето на Друштвото треба да бидат навремени , а важните информации за работењето на Друштвото треба да бидат достапни за сите внатрешни и надворешни учесници.
6. **ИНТЕГРИТЕТ, ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ**. Начелото за транспарентност едно е од начелата во борба против корупцијата. Јакнењето на интегритетот, одговорноста и отчетноста на носителите на јавни функции, транспарентноста во работата ја зголемува довербата кај населението за работењето на Друштвото.
7. **ПОДИГАЊЕ НА НИВОТО НЕ ЕФИКАСНОСТ** во откривање на корупциски активности. Обезбедување на заштита на лицата кои пријавиле корупција од отказ, мобинг или други притисоци.
8. **НУЛТА ТОЛЕРАНЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈА.** Сите вработени на Друштвото, особено раководството, треба одлучно да делуваат против сите појави и облици на корупција. Нивна одговорност и службена должност да ги спроведуваат сите превентивни мерки и да дејствуваат на секој сомнеж за корупција.
9. **УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**. Соработка со други слични институции за размена на информации и процедури за намалување на корупцијата преку отстранување на ризикот од корупција во општите нормативни акти на Друштвото и преземање на активности за нивно усогласување со меѓународни стандарди од областа на антикорупција.
10. **ПОЧИТУВАЊЕ НА ОГРАНИЧУВАЊАТА** во вршење на јавните функции, спречување на прикриениот судир на интереси во делот на примање на подароците, донации или спонзорства, како и во делот на спроведувањето на јавните набавки.

## V. ЗАКЛУЧОК

Целта на Годишниот план за спречување на корупцијата во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје е да се воспостави систем со кој вложените мерки во борбата против корупцијата ќе придонесат делата за корупцијата да се препознаат, санкционираат и да се намали влијанието на корупцијата во работењето на АД ЕСМ-Скопје на минимум.

**УО бр.02-1570/196/6**
**16.04.2021 година**
**Скопје**

**Претседател,**
**м-р Васко Ковачевски**